

ОПШТИНА
КАРПОШ

# Општина Карпош
# Н е д е л е н
# Е - Б и л т е н

Изготвува: Одделение за односи со јавност

Општина Карпош
ул.Демир Трајко б.б
www.karpos.gov.mk
gradonacalnik@karpos.gov.mk

# ПЛАКЕТА ЗА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА КАРПОШ ЗА ЗАШТИТАТА НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП




По повод Денот на лицата со хендикеп, викендов во Универзалната сала се одржа манифестацијата под мото: „Различни, а еднакви". Настанот беше во организација на „Детла ексклузив", и на него, освен за подвизите на хендикепираните, за својата хуманост беа наградени и поединци и институции кои се трудат на различни начини да им го олеснат и подобрат животот на лицата со посебни потреби. Организаторот, „Детла ексклузив", веќе неколку години ги наградува успешните лица со хендикеп, но и организациите, институциите, заводите и центрите што се грижат за нив, како и поединците што се залагаат за поголема афирмација на активностите на лицата со посебни потреби во јавноста.

Општината Карпош, традиционално, и оваа година беше помагач на манифестацијата, но исто така и добитник на плакета за особен придонес во заштитата на лицата со посебни потреби. Плакетата свечено му беше доделена на Градоначалникот Стевчо Јакимовски. Во своето обраќање градоначалникот ги посочи редовните активности и мерки кои ги спроведува Општината, а се однесуваат на обезбедување на помагала за лица хендикеп, формирање на тим од социјален работник, дефектолог и педагог за децата со хендикеп во училиштата и градинките, изградба на рампи и обезбедување на паркинг места како и парични средства за лечење. Градоначалникот ги најави и активностите за следната година, меѓу кои и отворањето на дневниот центар за лица со хендикеп.

Општина Карпош
ул.Демир Трајко 6.6
www.karpos.gov.mk
gradonacalnik@karpos.gov.mk

## „Солза" против насилството

Седум ученици од ООУ "Петар Поп Арсов" од Карпош успеаја да го освојат првото место од Комисијата на државниот натпревар на видео тема "Заедно за училиште без насилство".

Со едноминутниот видео спот наречен „Солза" Огнен Огњановски, Марио Најдоски, Вања Карапузовска, Ена Урошевиќ, Ристо Дамовски, Сара Поповска и Вања Атанасовска со сесрдна поддршка од своето училиште, во силна конкуренција од мноштво училишта од земјата, во само една минута успеаа да ја испратат најтоплата приказна за другарството и борбата против насилството меѓу учениците, во едноминутен видео запис. Овој натпревар е дел од кампањата на УНИЦЕФ и МОН против училишното насилство која се води подолг период.

Наградите на младите победници од Карпош им беа врачени минатиот викенд во киното Фросина.




**На следниов линк можете да го погледнете видео спотот:**

**http://www.youtube.com/watch?feature=player_embedded&v=wd8LmN1L0aM**

35 години Општина Карпош

**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

# Едукација за правилен третман со отпадот од батерии







Одделението за заштита на животната средина и природата, во старата општина, одржа информативен состанок на тема : "Едукација за правилен третман со отпадот од батерии". На состанокот беа присутни директорите и наставниците на основните училишта кои се на територијата на општина Карпош и претставници од НВО „Гоу Грин". Целта на темата беше да се дознае за опасниот ефект што го предизвикува отпадот од батериите врз човековото здравје и животната средина.

Во периодот што следи ќе се одржуваат едукативни предавања на оваа тема и работилници каде ќе се изработуваат кутии за собирање на отпадните батерии, во сите основни училишта во Карпош. Информативниот состанок е дел од проектот „Гоу Клин" инициран од Амбасадата на Шведска со поддршка на Словачката и Норвешката амбасада и имплементиран од НВО „Гоу Грин", „Балкански мостови" и „Гринер", невладини организации од Скопје. Општина Карпош со големо задоволство се приклучи во преку својата програма за 2011 година.







35 години Општина Карп

**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

# Како правилно да го третираме амбалажниот отпад






На 15.12.2011г. во старата општина, се одржа информативен состанок со директорите и наставниците од основните училишта во општина Карпош, на тема: Едукација за зголемување на јавната свест, за правилен третман и можноста за повторно искористување и рециклирање на т.н. „ПЕТ амбалажа“.

На состанокот се разговараше за неправилниот третман со овој отпад (честопати ненаменски се фрлаат отпадоците од хартија, метла, стакло и пластика во различни корпи,)честопати не се селектира правилно отпадот од страна граѓаните. Поради тоа треба да се искористи можноста за подигање на јавната свест на завидно ниво доследно на една европска земја, почнувајќи од најмладата генерација па нагоре. Ова е уште еден проект на Одделението за заштита на животната средина и природата од Програмата за 2011 год.






35 години Општина Карп